20251082372

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 195 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 3/25), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за транспорт и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИТЕ МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКО НАБЉУДУВАЊЕ НА БРАНИТЕ И ПРИДРУЖНИТЕ ОБЈЕКТИ И АКУМУЛАЦИИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат потребните мерки за техничко набљудување на браните и придружните објекти и акумулациите.

Член 2

Техничкото набљудување на браните се врши преку редовни контролни набљудувања на браните и придружните објекти и акумулациите, со цел да се обезбедат доволен број на информации за однесувањето на браната со придружните објекти и просторот околу акумулациите во текот на градењето, при првото полнење и празнење на акумулацијата и во текот на користењето на браните со придружните објекти, врз основа на стандардите и нормативите за проектирање на водостопански објекти и постројки пропишани со прописите од областа на градењето согласно кои може да се оцени нивната состојба од аспект на статичка стабилност, сигурност, опасност од надоаѓање на големи води и земјотреси, процена на ризик и функционалност.

Член 3

(1) Техничкото набљудување на браните од посебно значење од членовите 194 и 196 од Законот за водите, се остварува преку:

- визуелни набљудувања и прегледи на видливите површини на браната и непосредната околина, придружните објекти и акумулациониот простор и регистрирање на сите промени на тие површини;
- визуелни набљудувања на теренот низводно од браната и регистрирање на сите промени на тие површини;
- геодетски мерења на поместувањата на мерните точки и репери фиксирани по површината на телото на браната, придружните објекти и стабилноста на терен околу браната и придружните објекти, врз основа на проект за техничко набљудување (оскултација) на браната, придружните објекти и акумулациите;
- мерење на поместувањата, деформациите, напрегањата, температурата и отворањето на фугите, со инструменти вградени во телото на браната и темелите, во основата како и во контактот бетон-карпа;
- мерење на порни притисоци на водата во телото на браната, возводна и низводна косина и основата на вградени пиезометри;
- мерење на количините и квалитетот на провирните и филтрационите води на собирни мерни профили и во дренажни системи;

- регистрирање на метереолошките и хидрометеоролошките прилики во сливот (ниво на вода во акумулацијата, температурата на воздухот и водата, врнежи, дотекувањето и истекувањето од акумулацијата, ветровите, релативната влажност и др.);

- мерење и регистрирање на земјотресните поместувања на браната и тлото со вградени сеизмички инструменти;

- испитување на состојбата на виталните уреди и постројки;

- испитување на состојбата на доводно-одводните системи (придружни објекти) и

- регистрирање на нивото на водата, дотекување и истекување на акумулацијата.

(2) Темелните испусти на браните, како витални објекти за сигурноста на браната, постојано треба да се во целосна функционална состојба.

(3) Од страна на правното лице кое управува со браните, најмалку еднаш годишно се врши контрола на состојбата на затворачите, за што составува записник, кој го доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Параметрите, мерењата и набљудувањата на браните, се евидентираат во дневник од страна на правното лице кое управува со браните, во кој се внесуваат особено податоците за:

1. Објектот, правното лице кое управува со браната и датум на забележување;

2. Мерења извршени со инструменти:

- температура на воздухот во °C;

- температура на водата во °C;

- доток на вода (m3/s);

- истекување на вода за водоснабдување (m3/s);

- истекување на вода за наводнување (m3/s);

- истекување на вода за електрична енергија (m3/s);

- испуштање низ темелен испуст (m3/s);

- преливање на вода преку преливниот орган (m3/s);

- количина на процедни води (l/s);

- висина (ниво) на вода во акумулацијата (м.н.в);

- количина на вода во акумулацијата (106 m3);

- испарување (mm);

3. Исклучително големи води, земјотреси и други појави кои се воочени со визуелно набљудување;

4. Работи извршени за одржување и поправка на браната и придружните објекти и одговорно лице за истото.

(5) Врз основа на добиените податоци од техничкото набљудување на браните од посебно значење согласно став (1) на овој член, најмалку еднаш годишно се изработува посебен елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните со придружните објекти и акумулациите и за стабилноста на теренот околу браните, придружните објекти и акумулациите од страна на правното лице кое управува со браните.

Член 4

За малите брани од член 194 став (4) од Законот за водите, техничкото набљудување се врши преку:

- визуелни набљудувања и прегледи на видливите површини на браната и непосредната околина на браната, придружните објекти и акумулациониот простор и

- контрола на состојбата на виталните уреди и постројки.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-7010/2
22 мај 2025 година
Скопје

Министер за
змјоделство, шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновсски,** с.р.

Бр. 01-4056/1
26 мај 2025 година
Скопје

Министер
за транспсорт,
**Александар Николовски,** с.р.

Бр. 01-2152/1
7 мај 2025 година
Скопје

Министер
За животна средина и просторно планирање,
**Изет Меџити,** с.р.